Тони Михајловски веќе нема да биде водител на "Златна буба мара на популарноста". Во емисијата "Дом и дизајн" на "Канал 5" телевизија, актерот и водител изјави дека од оваа година нема да го гледаме на сцената на Универзалната сала и дека неговата соработка со скопското радио "Буба мара" завршува. Причините не ги објасни.

- Сценариото на "Буба мара" никогаш однапред не се знае. Секогаш е изненадување - вели сопственикот на радиото Ранко Петровиќ. Секоја година во октомври се пушта муабет дека Тони веќе нема да ја води манифестацијата, па пак ја води. Овој пат тој сам го пушти муабетот. Којзнае, можеби и тоа е дел од некое негово ново сценарио? Деновиве треба да се најдеме и со непосредна спогодба да се договориме што и како. Слоганот на манифестацијата оваа година ќе биде "Шоу за сите Македонци и граѓани на Република Македонија".

# Тони Михајловски нема да ја води "Златна буба мара на популарноста"?



Тони Михајловски стана заштитно лице на популарната манифестација која секој февруари ги наградува најпопуларните во естрадата, спортот и во културата. Публиката осум години по ред се забавуваше со неговите штосови и скечеви.

Михајловски не беше достапен на мобилниот телефон за изјава. ***(М.Ц.)***